Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

09.07.2026 година

Архивски број: 67-1413/4

Министерството за транспорт, решавајќи по барањето од „Квадар“ ДОО Скопје со број 0302-98/10 од 01.07.2026 година за одобрување на **Планската програма за изработка на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО К’шање, КО Пезово и КО Кокошиње, општина Куманово и КО Горно Ѓуѓанци, општина Свети Николе, изработена од „Квадар“ ДОО Скопје, со тех. број 0701-98 од јуни 2026 година, како постапка во информацискиот систем „е-урбанизам“ број 81358**, заведени во архивата на Министерството со број 67-1413/2 од 07.07.2026 година, врз основа на член 44 став (8) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25, 127/25 и 134/26), а во врска со член 87 став 1 и член 88 од Законот за општа управна постапка („Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 124/15), го донесува следното:

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОДОБРУВА Планската програма за изработка на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО К’шање, КО Пезово и КО Кокошиње, општина Куманово и КО Горно Ѓуѓанци, општина Свети Николе, изработена од „Квадар“ ДОО Скопје, со тех. број 0701-98 од јуни 2026 година.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

„Квадар“ ДОО Скопје достави барање за одобрување на Планската програма за изработка на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО К’шање, КО Пезово и КО Кокошиње, општина Куманово и КО Горно Ѓуѓанци, општина Свети Николе, со плански опфат (296 ха), плански период (2026-2036), изработен „Квадар“ ДОО 0701-98 од јуни 2026 година.

Комисијата за урбанизам формирана од Министерот за транспорт со Решение број 02-3107/1 од 03.04.2026 година, по извршениот увид во пропратната документација и изработената Планска програма, констатира дека истата може


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина“ бр. 4,
1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk

да се одобри и тоа го потврди со Предлог за одобрување, број 67-1413/3 од 09.07.2026 година.

Во прилог на постапката се приложени:
- Полномошно од правното лице Друштво за произвотство, трговија и услуги 4 ВИНД ЕНЕРЦИ ДООЕЛ увоз - извоз Скопје го ополномоштува „КВАДАР“ доо Скопје, бр.03-08 од 26.06.2026 година со цел спроведување на постапката за изработување и донесување на урбанистичкиот план.
- Услови за планирање на просторот за урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО К’шање, КО Пезово и КО Кокошиње, општина Куманово и КО Горно Ѓуѓанци, општина Свети Николе, со тех број Y00525 од февруари 2026 година, изработени од Агенција за просторно планирање на просторот,
- Решение за услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање, со арх. бр. 15-976/2 од 03.04.2026 година, обезбедено во релевантна постапка во информацискиот систем „е-урбанизам“ број 67684,
- Планската програма за изработка на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО К’шање, КО Пезово и КО Кокошиње, општина Куманово и КО Горно Ѓуѓанци, општина Свети Николе, изработена од „Квадар“ ДОО Скопје, со тех. број 0701-98 од јуни 2026 година,
- Одговор од Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, број 14-4789/2 од 31.10.2025 година,
- Физибилити Студија (техноекономска анализа на ветерен парк 4WIND)
- Воздухопловна Студија за влијание на публикуваните процедури и радионавигациски уреди на меѓународниот аеродром Скопје со проценка на безбедноста на воздушниот сообраќај, од март 2026 година.

Министерството за транспорт по разгледувањето на доставената документација и Предлогот за одобрување, број 67-1413/3 од 09.07.2026 година на Планската програма од Комисијата за урбанизам, констатира дека се исполнети условите од член 44 и член 25 став (3) од Законот за урбанистичко („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25, 127/25 и 134/26) и член 21 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина“ бр. 4,
1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

МИНИСТЕР
АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ

Aleksandar Nikoloski

Digitally signed by Aleksandar Nikoloski
DN: c=MK, ou=VAT - 4030990278246, 2.5.4.97=NTRMK-4928946, o=Ministerstvo za transport, serialNumber=328691, title=Minister, sn=Nikoloski, givenName=Aleksandar, cn=Aleksandar Nikoloski
Date: 2026.07.10 13:47:36 +02'00'

Ivona Avramoska Jankovska

Digitally signed by Ivona Avramoska Jankovska
DN: C=MK, OID.2.5.4.97=VATMK-4030990278246 + O=MINISTERSTVO ZA TRANSPORT SKOPJE, OU=MINISTERSTVO ZA TRANSPORT SKOPJE:4030990278246, G=Ivona + SERIALNUMBER=CRT3740129 + SN=Avramoska Jankovska + CN=Ivona Avramoska Jankovska
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2026.07.10 13:20:06+02'00'
Foxit PDF Reader Version: 2024.2.2

Изработил: Ивона Аврамоска Јанковска
Одобрил: Весна Андриевска, диа

Vesna Andrieska

Digitally signed by Vesna Andrieska
DN: C=MK, OU=VAT - 4030990278246, OU=Sektor za ureduvanje na prostorot, OID.2.5.4.97=NTRMK-4928946, O=Ministerstvo za transport, SERIALNUMBER=234877, T=Rakovoditel na Sektor, SN=Andrieska, G=Vesna, CN=Vesna Andrieska
Reason: I have reviewed this document
Location:
Date: 2026.07.10 13:39:02+02'00'
Foxit PDF Reader Version: 12.1.1


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина“ бр. 4,
1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk